УДК: 373.5.091.2/.3:94-05Карев,Н.
37.016:94:[325.83-05Карев,Н.

Игор Јанев
СУГС Гимназија „Никола Карев"
Igorj1@yahoo.com

Борче Милошески
СУГС Гимназија „Никола Карев"
Borce_ii@yahoo.com

# МАКЕДОНСКИОТ РЕВОЛУЦИОНЕР НИКОЛА КАРЕВ ВО СОВРЕМЕНАТА НАСТАВА ПО ИСТОРИЈА ВО ГИМНАЗИСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

*Abstract*. – Nikola Karev, as one of the most distinguished revolutionaries from the Macedonian revolutionary organization, has one of the most important parts in the historical textbooks in the High School history education in the Republic of Macedonia. In this article, as practitioners (high school history teachers), we give examples of some approaches that history teachers can use regarding the lectures connected to this historical figure. Our main point is that, by using these approaches in the process of teaching, the teacher can use the personal life of Nikola Karev and his work in the MRO in order to present universal ethical values to the students.

Извонредното значење на Никола Карев за историјата на македонскиот народ ги обврзува наставниците по историја да посветат посебно внимание при предавањето за неговиот лик и дело. Конкретно, овој оглед е посветен на презентирање на начините на кои би можело да се предава за ликот и делото на Никола Карев, а кои произлегуваат од нашите практични искуства како наставници по историја во гимназиско образование. Првенствено, овде би напомenале дека основната фактографија поврзана со Никола Карев и неговото дело во Македонската револуционерна организација со особен акцент на настаните во Крушево

за време на Илинденското востание, се изучува во втората година од гимназиското образование.[1]

Еден од соодветните пристапи кој сме го применувале во наставата за претставување пред учениците на ликот и делото на Никола Карев е методолошкото прашање за улогата на личноста во историјата. На почетокот од часот, ние наставниците, за да ги детектираме предзнаењето и интересот на учениците за темата на часот, често ја користиме техниката *бура на идеи* или пак одредена анкета со прашања поврзани со темата која се обработува.[2] Во однос на конкретниот час, би можело на учениците да им се даде анкета со неколку прашања поделени во два дела и тоа во првиот дел да напишат што знаат општо за животот на Никола Карев (потекло, датум на раѓање и слично), но, во вториот дел би им биле поставени прашања за тоа кое е значењето на делото на Карев во историјата на македонскиот народ. Нашата централна идеја, која сме ја применувале во пракса, е да им се презентира на учениците личноста на Никола Карев согледана преку два аспекти. Според првиот аспект, Никола Карев се согледува како македонски револуционер кој имал клучна улога во создавањето на Крушевската Република како, условно кажано, своевидна кулминација на македонската револуционерна борба за ослободување од османликата власт и создавање на сопствена македонска држава. Со тоа се остварува една од функциите на историјата како наставен предмет а тоа е развивање на патриотски чувства, имајќи во предвид дека наставата во најголем дел се одвива пред ученици - Македонци. Вториот аспект е универзално човечки, во него се пронаоѓаат и се истакнуваат карактеристиките на личноста на Карев и неговите дела надвор од тогашниот македонски контекст, кои би биле вредни за учениците независно од нивната национална припадност. Поентата на двата наведени аспекти, кои меѓусебно не се исклучуваат туку се испреплетени и се надополнуваат, е единствена – да им се овозможи на учениците еден методски формат во кој тие би се самоидентификувале со карактерните особини на Никола Карев со што би се остварила актуелизација на наставата по историја. При овој, а и при следниот пристап и наведе-

[1] Двата актуелни учебници каде што се обработуваат теми поврзани со Никола Карев се: Милан Бошкоски, Неби Дервиши, Димко Попоски, Наташа Котлар, Јордан Илиески, Силвана Сидоровска Чуповска, *Учебник за втора година на гимназиско образование,* (Скопје, 2009); Блаже Ристовски, Шукри Рахими, Симо Младеновски, Тодор Чепреганов и Стојан Киселиноски, *Учебник за втора година – гимназиско образование,* (Скопје, 2009).

[2] Лазаревска, Анѓелеска 2004, 45–46.

ниот аспект преку кој би можело да се анализира делото на Карев, од корист би била и посета на некој соодветен историски музеј, каде што се сретнува поставка поврзана со МРО и Никола Карев.[3]

При реализација на двата аспекти важни се две забелешки кои наставникот треба да ги има во предвид. Првата забелешка се однесува на следното – при предавањето на условно дефинираните два аспекти, патриотскиот и универзалниот, наставникот би требало да се ограничува од неосновано или претерано глорифицирање на делата на актерите од минатото и во случајот на Никола Карев и да превенира часот да премине во заоѓање во ненаучен романтичарски занес, во кој некогаш наставниците можат да навлезат, за да го поттикнат интересот на учениците. Би требало ликовите од минатото да се отсликаат што е можно поблиску до нивните реални особини, со што би им се потенцирало на учениците дека невистинитото прикажување е во колизија со научно – истражувачката етика и прагматично земено целосно контрапродуктивно, бидејќи, кога ќе се разоткријат и оспорат невистините тоа влијае на перцепцијата за реалните дела на личностите од минатото.[4] Втората забелешка на која што треба да внимава секој наставник по историја е опасноста на која што предупредил одамна и филозофот Ниче, кој нагласил дека историјата не треба да се претвори во куп на факти кои прават еден величествен монумент од славните личности од минатото, на кој би се восхитувале младите генерации и би се чувствувале премногу мали, живеејќи како деца во сенка на својот татко.[5] Напротив - знаењето за минатото треба да биде во функција на сегашноста, односно, треба да се огледаат на делата на значајните личности од минатото и од нивните дела треба да извлекуваат поуки, кои би им користеле понатаму во животот.

Во продолжение, ќе се осврнеме на самите два аспекти преку кои би можело да се предава за Карев за да се постигнат горенаведените цели. Во однос на првиот патриотски аспект на согледување на личноста на Никола Карев за потребите на наставата би можело да се употребат навистина многу моменти од неговиот живот како од неговата младост така и од неговото делување како револуционер. Тука би истакнале само неколку. Имено, тоа што го истакнува Карев меѓу останатите по-

---

[3] Одредени насоки за користењето на музејските поставки за подобрување на наставата по историја може да се проверат кај Петровска 1996, 160–162.

[4] Јанев, Милошески 2017, 85.

[5] Niče 1982, 45.

значајни дејци на МРО е тоа што тој бил член на социјалистичката група на револуционери и тие негови определби влијаеле на неговото револуционерно дело. Во овој поглед треба наставникот да им нагласи на учениците дека во македонскиот случај се поклопуваат националната борба на Македонците и социјалната борба на селаните во Османлиска Македонија. Во однос на патриотскиот аспект значајно е што Карев се определил да го посвети целосно својот живот на борбата за слобода, иако, како и голем дел од револуционерите тој бил свесен дека постојат мали шанси тој самиот да ја доживее таа слобода. Учеството во Илинденското востание било свесно одење кон можна смрт. Но, во однос на овој патриотски аспект во контекст на наведената саможртва, само по себе кај учениците се наметнува прашањето – дали врвното дело на Карев, Крушевската Република и Илинденското востание, биле успешни? Тука нужно е наставникот да направи споредба на борбата на македонскиот народ со борбите на останатите балкански држави, кои успеале порано да се ослободат поддржани од тогашните Големи сили, согласно нивните глобални и регионални интереси. Но, секако, би требало да им се нагласи на учениците дека резултатите од Крушевската Република, животното дело на Карев, биле успешни, бидејќи кај македонскиот народ се родил идеалот на загинатиот херој кој бил потик за борбата на следните генерации. Понатаму, македонскиот народ борејќи се и страдајќи заедно дефинитивно прераснал од народ во нација, дефинирајќи и зацврстувајќи го својот национален идентитет, кој потоа бил предуслов за успехот и конечното остварување на неговите вековни стремежи преку формирањето на АСНОМ и референдумот од 1991 година до конечно создавање на независна македонска држава.

Во овој патриотски аспект многу е важно кај учениците Македонци да се развие емоционална поврзаност кон татковината која подразбира емоционална поврзаност каква што има синот кон таткото. Нашата држава е меѓу другите и дело на Никола Карев – тоа треба да им се нагласува на учениците, додека се очекува тие да почуствуваат пиетет кон Карев како синови кон еден од „татковците" на македонската нација, но овие емоции не треба да бидат во насока на свое минимизирање. Напротив, тие како млади луѓе треба да се насочат кон тоа да бидат свесни дека Карев делувал во многу потешки услови и затоа носат одговорност за минатите, но и за идните генерации, за што пак е потребно нивно соживување и идентификација со Карев. Во поглед на толку потребното соживување на учениците со ликовите и настаните од минатото, за да избегне предизвикувањето кај учениците на чувството на индифе-

рентност и апатија кон ликовите од минатото и конкретно кон Карев, наставникот би можел за илинденскиот период да им нагласи на учениците дека приближно од тој период изминале пет генерации, односно дека нивните прадедовци или дедовците на нивните дедовци живееле во тој период. Воедно, би можело учениците да прават и семејни истории за опстанокот на нивните предци за времето на илинденскиот период.[6]

Во сиот овој период до денешницата, делото на Никола Карев е застапено во колективната меморија на народот и овој револуционер претставува маркантна фигура во македонскиот национален историски наратив. Во однос на идентификацијата би требало да се организираат вежби на соживување во услови на симулација, конкретно, како би се чувствувале и како би реагирале учениците доколу се наоѓале на местото на Карев, и обратно, да претпоставаат ако би ги имале особините на еден револуционер како Карев, како би делувале во современото македонско општество. Тука би требало да се нагласат начините во однос на тоа, како младите луѓе како индивидуи би можеле да направат, условно кажано, револуции односно позитивни промени од било кој аспект на македонското општество користејќи ги поуките од делувањето на Карев.

Во однос на вториот универзален аспект на согледување на делото на Никола Карев, наставникот би можел да истакне и да употреби повеќе моменти од неговиот живот кои би им биле на учениците позитивен пример и патоказ во градењето на нивните лични вредности. Еден од тие моменти е од младоста на Карев, каде што тој бил приморан да работи и да придонесе за опстанокот на неговото семејство, но и потоа да собере сили да го заврши своето образование со што наставникот би им ги нагласил на учениците вредностите на знаењето и трудољубивоста на примерот на Карев. Притоа, во дигресија наставникот да дообјасни дека Карев не оставил зад себе мемоарски записи и воедно тоа претставува проблем во историографијата и реконструирањето на неговиот живот. Меѓутоа, во наставата може како пример за неговото размислување да се искористи познатото интервју кое Карев го дал за весникот Акрополис од 1903 година.[7] Патем, како паралелна тема, може да се отвори

[6] Во нашето училиште сме правеле такви истории во рамките на матурските проектни задачи, при што се истакнале ученици на кои сме имале можност да им предаваме а кои се семејни потомци на повеќе наши револуционери од илинденскиот период, како на пример, Сугарев, Поп Арсов и Мартулков.

[7] Повеќе за употребата на изворен текст во наставата по историја види Перовиќ 1983, 211–223.

дискусија за компаративната анализа како еден методолошки пристап во историската наука за градење на цврсти претпоставки во однос на дополнување на мозаикот на една историска личност или историски настан.[8] Клучен пример надвор од македонскиот контекст е индивидуалната животна посветеност и саможртвата на Карев за колективно добро воопшто на населението што живеело во Македонија. Едно од клучните прашања со кои наставникот постигнува силен ефект кај учениците е следното – каков човек, каква личност бил Карев на само 25 години да води „република" и потоа да се жртвува на 28 години за идеалот на слободата, притоа знаејќи дека тоа подобро утре најверојатно нема да го доживее? Овие вредности на Карев ги чувствуваат учениците но можеби им се тешко практично употребливи во сегашното потрошувачко општество. Тука, наставникот оваа вредност на саможртва би можел да им ја долови на учениците потенцирајќи им дека во денешен контекст одредена саможртва прават нивните родители за нив да ги израснат во чесни и трудољубиви луѓе и дека се очекува и тие во иднина да го прават истото за своите деца.

Конечно, наставникот би можел да поентира преку обединување на патриотскиот и универзалниот аспект на делото на Карев преку истакнување на фактот дека врвното дело на Карев – Крушевската Република според своите космополитски принципи на функционирање за што доказ е мултиетничката востаничка власт во Крушево, постулатите на Крушевскиот манифест и фактот дека македонската борба за слобода не исклучувала туѓа борба, односно не промовирала власт над некој друг – со право може да се оквалификува колку како македонска толку и како, ако може да се каже условно, универзално човечка република. На крајот од часот, наставникот би можел да им зададе на учениците повторно анкета или наставно ливче од почетокот на часот во која сега се очекува тие да напишат повеќе за тоа кои се поуките од делата на Карев и како тие поуки преку нивна идентификација со Карев би им користеле во нивниот иднивидуален развој понатаму во животот.[9] Преку компаративна анализа на резултатите од двете анкети наставникот би можел да ја детектира евентуалната успешност на ваквиот концепт на предавање за Карев. Воедно, ваквата анкета или наставен лист би можел да го спроведе на часот, предвиден за повторување на наставните содржини поврзани со Никола Карев.

---

[8] Петреска, Ачкоска 2007, 301, 304–305.

[9] Стојкоски 1995/6, 107.

На крај, би истакнале дека овој начин на предавање е генерално прифатен од самите ученици, кои пројавуваат огромен интерес и ангажираност пред сè во делот на истакнување на значењето на делото на Карев, со што се надоместува недостигот од истакнување на неговото значење во учебниците, каде што општо земено во сите лекции апсолутно доминира фактографијата. Со овој пристап оптимално се остваруваат целите на наставата кои се движат во рамките на поттикнување на критичкото промислување и креативното размислување кај учениците на кои во ново светло им се открива значењето на делото на Никола Карев – како во однос на борбата на македонскиот народ за слобода, така и во однос на универзалните човечки вредности и животни поуки.

## БИБЛИОГРАФИЈА

Блаже Ристовски, Шукри Рахими, Симо Младеновски, Тодор Чепреганов и Стојан Киселиноски, *Учебник за втора година – гимназиско образование,* Скопје, 2009.

Даринка Петреска, Виолета Ачкоска, *Осознавање на историјата,* Скопје, 2007.

Игор Јанев, Борче Милошески, Како би можело да се предава историја - пристапи за предавање на наставните содржини посветени на историјата на Македонија во гимназиското образование, Скопје, 2017.

Милан Бошкоски, Неби Дервиши, Димко Попоски, Наташа Котлар, Јордан Илиески, Силвана Сидоровска Чуповска, *Учебник за втора година на гимназиско образование,* Скопје, 2009.

Милан Стојкоски, „Функцијата на наставните ливчиња во индивидуализираната настава по историја``, *Историја,* год. XXXI/XXXII, бр. 1–4, Скопје, 1995/6.

Милутин Перовиќ, „Изворниот текст во наставата по историја``, *Историја* год. XIX, бр. 1, Скопје, 1983.

Славјанка Петровска, „Музејска поставка во функција на наставата по историја", зборник – Актуелни проблеми во македонската историографија и наставата по историја, уредник Тодор Чепреганов, Скопје, 1996.

Споменка Лазаревска, Наташа Анѓелеска, Прирачник – со читање и пишување до критичко мислење, Скопје, 2004.

Fridrih Niče, O koristi i šteti istorije za život, Beograd, 1982.